РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 09-235/1
05-01-2021 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Друштво за градежништво и трговија МОДИНГ
Shoqëria për ndërtim dhe tregti MODING
ДООЕЛ експорт-импорт SHPKNJP export-import
Бр.-Nr. 0307-01/01-01/2021
08.01.2021 год.-viti
Тетово - Tetovë

# АНЕКС ДОГОВОР ЗА ВИШОЦИ НА РАБОТИ

## за изградба на Студентски дом во комплексот на Државниот универзитет во Тетово (вишоци на работи од осма заклучно со четиринаесетта времена ситуација)

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**, ул.„Св.Кирил и Методиј" бр.54, 1000 Скопје, Република Македонија, застапувано од министерот за образование и наука Арбер Адеми (во понатамошниот текст „Нарачувач") од една страна, и

**ДГТ МОДИНГ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово**, Бул. „Илинденска" бб Тетово, застапувано од управителот Салим Хасани (во понатамошниот текст „Изведувач") од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој Анекс Договор за вишоци на работи (вишоци на работи од осма заклучно со четиринаесетта времена ситуација), настанати при реализација на Договорот за изградба на Студентски дом во комплексот на Државниот универзитет во Тетово, заведен со архивски број 19-4433/37 од 22.09.2016 година и архивски број на Изведувачот 0307-03/01-06/2016 од 26.09.2016 година, Анекс 1 на основниот договор заведен со архивски број 10-10589/5 од 25.09.2018 година и архивски број на изведувачот 0307-18/01-03/2018 од 26.09.2018 година, Анекс 2 на основниот договор заведен со архивски број 09-6084/1 од 28.05.2019 година и архивски број на изведувачот 0307-14/01-01/2019 од 28.05.2019 година и Анекс 3 на основниот договор заведен со архивски број 09-7808/2 од 25.08.2020 година и архивски број на изведувачот 0307-14/01-01/2020 од 25.08.2020 година.

Овој Анекс Договор за вишоци на работи (од осма заклучно со четиринаесетта времена ситуација) се склучува согласно член 41 од основниот Договор, заради регулирање на вишоците на работи кои се појавиле во текот на реализација на основниот Договор, потврдени во Прегледот на вишоци од Изведувачот бр.0504-08/12-06/2020, потврдени со печат и потпис од Надзорен орган бр. 03-1923 од 11.02.2020 година и наш арх. бр. 09-14195/1 од 11.12.2020 година.

**Член 2**

Со овој Договор, се утврдува висината на трошоците кои Нарачувачот ги исплаќа на Изведувачот за настанатите вишоци на работа при изведување на предметот на основниот Договор, а кои се евидентирани во градежни книги (од осма заклучно со четиринаесетта времена ситуација).

Изведувачот, вишоците на работа ги извел во тек на реализација на работите, вишокот количини се евидентирани во градежни книги прилог кон ситуациите од осма заклучно со четиринаесетта времена ситуација, а вишоците согласно единечните цени од конечната понуда се во вредност од 6.155.121,60 (шест милиони стопедесетипет илјади стодваесетиеден) денар.

Вкупната вредноста на ДДВ за овој износ изнесува 1.130.532,54 (еден милион стоитриесетилјади петстотинитриесетидва) денари.

Вкупниот износ вишоците на работа кои се евидентирани во градежни книги од осма заклучно со четиринаесетта времена ситуација со вклучен ДДВ изнесува 7.285.654,00 (седум милиони двестаосумдесетипет илјади шестотинипедесетичетири) денари.

**Член 3**

Плаќањето на работите од член 2 на овој Анекс Договор, ќе се врши по доставена времена ситуација за вишоци потпишана и заверена од Изведувачот и Надзорниот орган, пропратена со кпии од градежните книги и извешај од Надзорен орган кои се потврдени од страна на преставник на Нарачателот.

**Член 4**

Овој Анекс Договор за вишоци на работи (вишоци на работи од осма заклучно со четиринаесетта времена ситуација), влегува во сила со денот на потпишувањето и заверувањето од двете договорни страни.

**Член 5**

Овој Анекс Договор за вишоци на работи, е составен во 6 (шест) примероци, од кои 2 (два) примерока за Изведувачот и 4 (четири) примерока за Нарачателот.

НАРАЧУВАЧ,
МИНИСТЕРСТВО ЗА
ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
МИНИСТЕРКА,
Мила Царовска

ИЗВЕДУВАЧ,
МОДИНГ ДООЕЛ
Тетово
УПРАВИТЕЛ,
Салим Хасани

Изготвил: Горан Тодороски
Проверил: Милка Масникоса
Согласен: Ѓулија Заири
Согласен: Снежана Крстовска Фрчковска